**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

УП1Бр.12-325 од 23.08.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ Доо од Скопје, со бр. УП1Бр.12-325 од 05.08.2022година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

## Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број со Тех.број 67/22-У од Август 2022година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ Доо од Скопје, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП.бр.515, дел КП.бр.516 и дел од КП.бр.248/1 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ Доо од Скопје, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број 67/22-У од Август 2022година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ Доо од Скопје, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП.бр.515, дел КП.бр.516 и дел од КП.бр.248/1 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП.бр.515, дел КП.бр.516 и дел од КП.бр.248/1 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран. изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ Доо од Скопје, со технички број 67/22-У од Август 2022година.
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Позитивно мислење од комисијата за урбанизам за одобрување на иницијатива,
- Предлог за одобрување на проектна програма,
- Ажурирана геодетска подлога -Графички дел,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со број УП1Бр.12-325 од 19.08.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev
Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2022.08.23 12:51:09 +02'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**

Ango Angov
Digitally signed by Ango Angov
Date: 2022.08.23 13:42:05 +02'00'